| 25. | САЛАВАТИ Абдолгасем (SALAVATI Abdolghassem) | Пол: машки | Судија, началник на Техеранскиот револуционерен суд, подружница 15. Истражен судија во судот во Техеран. Одговорен за пост-изборните случаи, тој бил судија кој ги водел монтираните судски процеси во летото во 2009 година, осудил на смрт двајца монархисти кои се појавиле во монтираните судски процеси. Тој осудил повеќе од сто политички затвореници, активисти за човекови права и демонстранти на долги затворски казни.<br>Во 2018 година, извештаите покажале дека тој продолжил да изрекува слични казни без соодветно почитување на постапките за фер сослушување. | 12.4.2011 |
| 26. | ШАРИФИ Малек Аџар (познат како ШАРИФИ Малек Ајдар) (SHARIFI Malek Adjar (aka: SHARIFI Malek Ajdar)) | Пол: машки | Судија во Врховниот суд, началник на 43-от Оддел. Поранешен началник на правосудството во Источен Азербејџан. Тој бил одговорен за судењето на Сакинех Мохамамади-Аштиани (Sakineh Mohammadi-Ashtiani). | 12.4.2011 |
| 27. | ЗАРГАР Ахмад (ZARGAR Ahmad) | Пол: машки | Судија во втората подружница на Специјалниот суд за економска корупција. Водич на „Организацијата за зачувување на моралот“. Поранешен судија, Апелационен суд во Техеран, подружница 36. Тој ги потврдил долготрајните затворски казни и смртни казни против демонстрантите. | 12.4.2011 |

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 28. | ЈАСАГИ Али-Акбар (YASAGHI Ali-Akbar) | Пол: машки | Судија на Врховниот суд, началник на 44-от Оддел. Заменик-главен извршен директор на Фондацијата Сетат е-Диех (Setad-e Dieh Foundation). Главен судија, Револуционерен суд во Машад (2001-2011 година). Судските процеси под негова надлежност се спроведувани по итна постапка и зад затворени врати, без да се почитуваат основните права на обвинетите. Бидејќи пресудите биле изрекувани масовно (до 550 помеѓу летото 2009 година и летото 2011 година), смртните казни биле изрекувани без соодветно почитување на постапките за фер сослушување. | 12.4.2011 |
| 29. | БОЗОРГНИА Мостафа (BOZORGNIA Mostafa) | Пол: машки | Раководител на Оддел 350 од затворот Евин. Тој во неколку наврати извршил несразмерно насилство врз затворениците. | 12.4.2011 |
| 30. | ЕСМАИЛИ Голам-Хусеин (ESMAILI Gholam□Hossein) | Пол: машки | Портпарол на правосудството од април 2019 година. Поранешен началник на правосудството во Техеран. Поранешен началник на Иранската организација за затвори. Во тоа својство, тој бил соучесник во масовното притворање на политичките демонстранти и прикривањето на злоупотребите извршени во затворскиот систем. | 12.4.2011 |
| 31. | СЕДАКАТ (познат како Седагат) Фара-џолах (SEDAQAT (a.k.a. Sedaghat) Fara-jollah) | Пол: машки | Помошник секретар на Општата управа за затвори во Техеран. Началник на затворот во Евин, Техеран до октомври 2010 година, а во текот на тој период се извршувала тортура. Тој бил чувар, и повеќепати се заканувал и вршел притисок врз затворениците. | 12.4.2011 |
| 32. | ЗАНЏИРЕИ Мохамад-Али (ZANJIREI Mohammad□Ali) | Пол: машки | Како виш советник на началникот и заменик-началник на Иранската организација за затвори, одговорен е за сериозни прекршувања на човековите права врз затворениците. Управувал систем во кој затворениците претрпувале злоупотреба, тортура и нечовечко/понижувачко постапување и биле сместени во многу лоши услови за живеење. | 12.4.2011 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 33. | АБАСЗАДЕХ-МЕШКИНИ Махмуд (ABBASZADEH􀀀MESHKINI Mah-moud) | Пол: машки | Советник на Високиот совет за човекови права во Иран. Поранешен секретар на Високиот совет за човекови права. Поранешен гувернер на провинцијата Илам. Поранешен политички директор на Министерството за внатрешни работи. Како раководител на Комитетот од член 10 од Законот за активности на политичките партии и групи, тој бил одговорен за одобрување на демонстрации и други јавни настани и за регистрација на политички партии.<br><br>Во 2010 година, тој ги прекинал активностите на две реформаторски политички партии поврзани со Моусави (Mousavi)- Исламскиот ирански фронт за учество и Исламската революционерна муџахединска организација. Од 2009 година наваму, тој доследно и континуирано ги забранувал сите невладини собири и со тоа го ускратил уставното право на протест, што довело до многу апсења на мирни демонстранти, спротивно на правото на слобода на собирање. Тој, исто така, во 2009 година на опозицијата не ѝ дал дозвола за одржување на церемонија за оплакување на жртвите убиени во протестите за претседателските избори. | 10.10.2011 |
| 34. | АКБАРШАХИ Али-Реза (AKBARSHAHI Ali-Reza) | Пол: машки | Поранешен генерален директор на Иранското седиште за контрола на дрогата (познато како: Седиште за сузбивање на наркотици). Поранешен командант на полицијата во Техеран. Под негово водство, полициските сили биле одговорни за употреба на вонсудска сила врз осомничените во текот на апсење и притвор пред судење. Техеранската полиција, исто така, била вмешана во нападите врз универзитетски интернати во Техеран во јуни 2009 година, кога според комисијата на иранскиот парламент (Маџлис), повеќе од 100 студенти биле повредени од полицијата и Басиџи. Во моментот тој е началник на железничката полиција. | 10.10.2011 |

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 35. | АКАРИАН Хасан (AKHARIAN Hassan) | Пол: машки | Чувар на Одделот 1 во затворот Раџаишахр, Караџ до јули 2010 година. Неколку поранешни притвореници пријавиле дека тој извршувал тортура и издавал наредби со кои се спречува затворениците да добијат медицинска помош. Според записникот од сведочењето на еден притвореник во затворот во Раџаишахр, тој бил брутално претепан од сите затворски службеници, а Акариан знаел за истото. Исто така, има барем еден пријавен случај на лошо постапување и смрт на притворен, Мохсен Беикванд (Mohsen Beikvand), под надзор на Акариан. Беикванд починал во септември 2010 година. Други затвореници тврдат дека бил убиен по наредба на Хасан Акариан. | 10.10.2011 |
| 36. | АВАЕ Сејед Али-Реза (познат како: АВАЕ Сејед Алиреза) (AVAEE Seyyed Ali-Reza (Aka: AVAEE Seyyed Alireza)) | Пол: машки | Министер за правда. Поранешен директор на канцеларијата за посебни истраги. До јули 2016 година заменик-министер за внатрешни работи и раководител на Јавниот регистар. Советник на Дисциплинскиот суд за судии од април 2014 година. Поранешен претседател на правосудството во Техеран. Како претседател на правосудството во Техеран, тој бил одговорен за прекршување на човековите права, произволни апсења, ускратување на правата на затворениците и високиот број на погубувања. | 10.10.2011 |
| 37. | БАНЕШИ Џабер (BANESHI Jaber) | Пол: машки | Началник на подружницата 22 на Апелациониот суд во Шираз од ноември 2011 година. Обвинител во Шираз до октомври 2011 година. Обвинител во случајот со бомбардирањето во Шираз во 2008 година, кој режимот го искористил за да осуди на смрт други неповрзани лица. На припадниците на малцинствата, тој им изрекувал смртни казни и други строги казни, со што, меѓу другото, ги прекршувал нивните човекови права на фер судење и ослободување од произволен притвор. | 10.10.2011 |
| 38. | ФИРУЗАБАДИ | Место на раѓање: Машад | Како началник на Генералштабот на вооружените сили на Иран (1989 | 10.10.2011 |

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Мајр-Ген Др Сејјед Хасан (познат како ФИРУЗАБАДИ Мајр-Ген Др Сејед Хасан, ФИРОУЗА-БАДИ Мајр-Ген Др Сејед Хасан; ФИРОУЗАБАДИ Мајр-Ген Др Сејед Хасан (FIRUZABADI Maj-Gen Dr Seyyed Hasan (Aka: FIRUZABADI Maj-Gen Dr Seyed Hassan; FIROUZA-BADI Maj-Gen Dr Seyyed Hasan; FIROUZABADI Maj-Gen Dr Seyed Hassan)) | Датум на раѓање: 3.2.1951 година<br>Пол: машки | до 2016 година), тој бил највисокиот воен командант одговорен за водење на сите воени оддели и политики, вклучително и на Исламската револуционерна гарда (ИРГЦ) и полицијата. Во 2009 година, силите под негова официјална команда извршиле брутална репресија врз мирните демонстранти и извршиле масовни притворања.<br>Во моментот, тој е воен советник на Врховниот лидер и член на Врховниот совет за национална безбедност (СНСЦ) и Советот за целесообразност. | |
| 39. | ГАНЈИ Мостафа Барзегар (GANJI Mostafa Barzegar) | Пол: машки | Главен јавен обвинител на Ком (2008-2017 година), сега началник на генералниот директорат за затвори. Тој бил одговорен за произволно притворање и малтретирање на десетици престапници во Ком. Тој бил соучесник во сериозно прекршување на правото на соодветна судска постапка, придонесувајќи за прекумерна и зголемена употреба на смртната казна и нагло зголемување на погубувањата во 2009/2010 година. | 10.10.2011 |
| 40. | ХАБИБИ Мохамад Реза (HABIBI Mohammad Reza) | Пол: машки | Главен правозастапник на Исфахан. Поранешен началник на канцеларијата на Министерството за правда во Јазд. Поранешен заменик-обвинител на Исфахан. Тој бил вклучен во постапки во кои не им било дозволено фер судење на обвинетите - како Абдолах Фати (Abdollah Fathi), погубен во мај 2011 година, откако Хабиби за време | 10.10.2011 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | на неговото судење во март 2010 година не ги земал предвид неговото право да биде сослушан и неговите проблеми со менталното здравје. Затоа, тој бил соучесник во сериозно прекршување на правото на соодветна судска постапка, придонесувајќи кон нагло зголемување на погубувањата во 2011 година. | |
| 41. | ХЕЈАЗИ Мохамад (HEJAZI Mohammad) | Место на раѓање: Испахан<br>Датум на раѓање: 1956 година<br>Пол: машки | Генерал во ИРГЦ, тој имал клучна улога во заплашувањата и заканите на „непријателите“ на Иран. Поранешен началник на корпусот на ИРГЦ „Саролах“ во Техеран и поранешен началник на силите на Басиџ, тој имал клучна улога во пост-изборниот протест на демонстрантите во 2009 година. | 10.10.2011 |
| 43. | ЏАВАНИ Јадолах (JAVANI Yadollah) | Пол: машки | Заменик-командант на ИРГЦ за политички работи. Тој има направено бројни обиди да го потисне слободниот говор и слободниот дискурс преку своите јавни изјави за поддршка на апсењето и казнувањето на демонстрантите и несогласувачите. Еден од првите високи функционери што побарале апсење на Мусави (Moussavi), Каруби (Karroubi) и Катами (Khatami) во 2009 година. Тој ја поддржал употребата на техники што прекршуваат права на фер судење, вклучувајќи јавни признанија и ја објавил содржината на испрашувањата пред судењето. Доказите, исто така, укажуваат дека тој ја одобрувал употребата на насилство врз демонстрантите и како интегрален член на ИРГЦ, најверојатно, тој бил свесен за употребата на груби техники на испрашување за изнудување на признанијата. | 10.10.2011 |

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 44. | ЏАЗАЈЕРИ Масуд (JAZAYERI Massoud) | Пол: машки<br>Функција: Бригаден генерал | Во рамки на заедничкиот воен персонал на вооружените сили на Иран, бригадниот генерал Масуд Џазеајери бил заменик-началник на штабот за културни и медиумски работи (познат како Генералштаб за пропаганда за државна безбедност). Тој активно соработувал во репресијата на протестите во 2009 година како заменик-началник на Генералштабот. Тој во интервјуто во Кајхан предупредил дека многу демонстранти внатре и надвор од Иран биле идентификувани и против нив ќе бидат преземени мерки во вистинско време.<br>Тој отворено повикал на сузбивање на претставништвата на странските медиуми и иранската опозиција. Во 2010 година, тој побарал од владата да донесе построги закони против Иранците кои соработувале со извори на странски медиуми. | 10.10.2011 |
| 45. | ЏОКАР Мохамад Салех (JOKAR Mohammad Saleh) | Пол: машки | Заменик за парламентарни прашања на Револуционерната гарда. Од 2011 до 2016 година парламентарен заменик за провинцијата Јазд и член на Парламентарната комисија за национална безбедност и надворешна политика. Поранешен командант на студентските сили на Басиџ. Во таа улога, тој бил активно вклучен во сузбивање на протестите и наведување на деца и млади со цел да продолжи со задушување на слободата на говорот и несогласувањето. Како член на Парламентарната комисија за национална безбедност и надворешна политика, тој јавно го поддржувал сузбивањето на активностите на опозицијата насочени кон владата. | 10.10.2011 |
| 46. | КАМАЛИАН Бехроуз (познат како Хакерс Бреин, Бехроо-з_Ице) (KAMALIAN Behrouz (a.k.a. Hackers Brain, Behroo-z_Ice)) | Место на раѓање: Техеран (Иран)<br>Датум на раѓање: 1983 година<br>Пол: машки | Раководител на кибергрупата „Ашијанех (Ashiyaneh)“ поврзана со иранскиот режим. Дигиталното обезбедување „Ашијанех“, основано од Бехроуз Камалиан, е одговорно за интензивни кибернапади како на домашни противници и реформисти, така и на странски институции. Работата на организацијата „Ашијанех“ на Камалиан ја помогна репресијата на режимот против опозицијата, во кој беа вклучени бројни сериозни прекршувања на човековите права. | 10.10.2011 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 47. | КАЛИЛОЛАХИ Моуса (познат како КАЛИЛОЛАХИ Моуса, ЕЛАХИ Моуса Калил) (KHALILOLLAHI Moussa (Aka: KHALILOLLAHI Mousa, ELAHI Mousa Khalil)) | Пол: машки | Обвинител на Табриз. Тој бил вклучен во случајот на Сакинех Мохамамади-Аштиани (Sakineh Mohammadi-Ashtiani) и е соучесник во тешки прекршувања на правото на соодветна судска постапка. | 10.10.2011 |
| 48. | МАХСОУЛИ Садек (познат како МАХ-СУЛИ, Садек) (MAHSOULI Sadeq (Aka: MAH-SULI, Sadeq)) | Место на раѓање: Ороумиех (Иран)<br>Датум на раѓање: 1959/60 година<br>Пол: машки | Советник на поранешниот претседател Махмуд Ахмадинеџад (Mahmoud Ahmadinejad) и сегашен член на Советот за целесообразност и заменик-началник на Фронтот за истрајност. Министер за благосостојба и социјална сигурност помеѓу 2009 и 2011 година. Министер за внатрешни работи до август 2009 година. Како министер за внатрешни работи, Махсоули имал авторитет над сите полициски сили, агентите за безбедност на Министерството за внатрешни работи и агентите во цивилна облека. Силите под негова команда биле одговорни за нападите врз интернатите на Универзитетот во Техеран на 14 јуни 2009 година и измачувањето на студентите во подрумот на министерството (озлогласеното подрумско ниво 4). Другите демонстранти биле сериозно злоставувани во Центарот за притвор во Кахризак, кој го раководела полицијата под контрола на Махсоули. | 10.10.2011 |
| 49. | МАЛЕКИ Моџтаба (MALEKI Mojtaba) | Пол: машки | Заменик-началник на Министерството за правда во провинцијата Корасан Разави. Поранешен обвинител на Керманшах. Учествувал во изрекувањето на голем број смртни казни во Иран, вклучително и водење на случаи на седуммина затвореници осудени за трговија со дрога, кои биле обесени истиот ден на 3 јануари 2010 година во централниот затвор во Керманшах. | 10.10.2011 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 50. | ОМИДИ Мехрдад (познат како Реза; ОМИ-ДИ Реза) (Mehrdad (aka: Reza; OMI-DI Reza)) | Пол: машки | Началник на Одделот VI во полицијата, Оддел за истраги. Поранешен началник на разузнавачките служби во рамки на иранската полиција. Поранешен началник на Одделот за компјутерски криминал на иранската полиција. Тој бил одговорен за илјадници истраги и обвиненија на реформисти и политички противници кои користат интернет. Затоа, тој бил одговорен за сериозни прекршувања на човековите права при репресија на лицата кои гласно ги бранеле нивните законски права, вклучително и слободата на изразување за време на и по „Зеленото движење“ во 2009 година. | 10.10.2011 |
| 51. | САЛАРКИА Махмоуд (SALARKIA Mahmoud) | Пол: машки<br>Поранешен директор на Техеранскиот фудбалски клуб „Персеполис“ | Поранешен одговорен на Комисијата за бензин и транспорт на град Техеран. Заменик на главниот обвинител на Техеран за затворски прашања за време на репресијата во 2009 година. Како заменик-главен обвинител на Техеран за затворски прашања, тој бил директно одговорен за многу од налозите за апсење на невини, мирни демонстранти и активисти. Многу извештаи од бранителите на човекови права покажуваат дека практично, речиси сите оние кои биле уапсени биле држени во изолација по негова наредба, без пристап до адвокат или до семејствата и без обвинение, за различни временски периоди, често во услови кои се еднакви на присилно исчезнување. Нивните семејства често не биле известени за апсењето. Тој во моментов работи како адвокат. | 10.10.2011 |
| 52. | КОДАЕИ СОУРИ Хоџатолах (KHODAEI SOURI Hojatollah) | Место на раѓање: Селселех (Иран)<br>Датум на раѓање: 1964 година<br>Пол: машки | Член на Комитетот за национална безбедност и надворешна политика. Парламентарен заменик за провинцијата Лорестан. Член на Парламентарната комисија за надворешна и безбедносна политика. Раководител на затворот Евин до 2012 година. Тортурата била вообичаена практика во затворот Евин, додека Соури бил одговрен. Во Одделот 209, многу активисти биле задржани поради нивните мирни активности против владата која била на власт. | 10.10.2011 |

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 53. | ТАЛА Хусеин (познат како ТАЛА Хос-сејн) (TALA Hossein (Aka: TALA Hos-seyn)) | Пол: машки | Градоначалник на Есламшахр. Поранешен ирански пратеник. Поранешен генерален гувернер („Фармандар“) на провинцијата Техеран до септември 2010 година, тој бил одговорен за интервенцијата на полициските сили, а со тоа и за репресијата на демонстрациите. Тој добил награда во декември 2010 година за улогата во пост-изборната репресија. | 10.10.2011 |
| 54. | ТАМАДОН Мортеза (познат како ТА-МАДОН Мортеза) (TAMADDON Morteza (Aka: TA-MADON Morteza)) | Место на раѓање: Шахр Корд-Исфахан<br>Датум на раѓање: 1959 година<br>Пол: машки | Поранешен началник на провинцискиот Совет за јавна безбедност во Техеран. Поранешниот генерален гувернер на ИРГЦ на провинцијата Техеран. Во својство на гувернер и началник на провинцискиот Совет за јавна безбедност во Техеран, тој сноси одговорност за сите репресивни активности преземени од страна на ИРГЦ во провинцијата Техеран, вклучително и за острите мерки на политичките протести од јуни 2009 година. Тој во моментов е член на одборот на Универзитетот за технологија „Каџех Насаиредин Туси (Khajeh Nasireddin Tusi University of Technology)“. | 10.10.2011 |
| 55. | ЗЕБХИ Хусеин (ZEBHI Hossein) | Пол: машки | Прв заменик-советник на правосудството и судија на Врховниот суд. Заменик на јавниот обвинител на Иран (2007-2015 година) Во таа улога, тој бил одговорен за судските предмети покренати по постизборните протести во 2009 година, кои биле спроведувани во спротивност на човековите права. Исто така, во таа улога тој одобрил прекумерни казни за престапи поврзани со дрога. | 10.10.2011 |
| 56. | БАХРАМИ Мохамад-Казем (BAHRAMI Mohammad-Kazem) | Пол: машки | Раководител на Управниот суд. Тој бил соучесник во репресијата на мирни демонстранти во 2009 година како одговорен на судската гранка на вооружените сили. | 10.10.2011 |

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 57. | ХАЏМОХАМ-МАДИ Азиз (познат како Азиз Хаџмохамади, Нооролах Азизмохамади) (HAJMOHAM-MADI Aziz (a.k.a. Aziz Hajmohammadi, Noorollah Azizmohammadi)) | Место на раѓање: Техеран (Иран)<br>Датум на раѓање: 1948 година<br>Пол: машки | Судија во Провинцискиот кривичен суд во Техеран. Работејќи за правосудството од 1971 година, тој бил вклучен во неколку судења на демонстрантите, меѓу другото, и во судењето на Абдол-Реза Ганбари (Abdol-Reza Ghanbari), учител уапсен во јануари 2010 година и осуден на смрт за неговите политички активности. | 10.10.2011 |
| 58. | БАГЕЕРИ Мохамад-Багер (BAGHERI Mohammad□Bagher) | Пол: машки | Судија на Врховниот суд од декември 2015 година. Поранешен потпретседател на судската администрација на провинцијата Јужен Корасан, задолжен за спречување на криминал. Покрај неговото признание, во јуни 2011 година, за 140 погубувања од смртни казни помеѓу март 2010 и март 2011 година, 100 други погубувања се пријавени дека се случиле во истиот период и во истата провинција во Јужен Корасан, без за тоа да бидат известени ниту семејства ниту адвокатите. Затоа, тој бил соучесник во сериозно прекршување на правото на соодветна судска постапка, придонесувајќи за голем број смртни казни. | 10.10.2011 |
| 59. | БАКТИАРИ Сејед Мортеза (BAKHTIARI Seyyed Morteza) | Место на раѓање: Машад (Иран)<br>Датум на раѓање: 1952 година<br>Пол: машки | Претседател на Фондацијата за помош на Имам Комеини (Imam Khomeini Relief Foundation) од јули 2019 година. Поранешен заменик-чувар на мавзолејот на Имам Реза. Поранешен службеник на Специјалниот верски суд. Поранешен министер за правда од 2009 до 2013 година. Додека бил на должност како министер за правда, затворските услови во Иран паднале далеку под прифатените меѓународни стандарди, а злоставувањето на затворениците било широко распространето. Освен тоа, тој одиграл и клучна улога во заканите и вознемирувањата на иранската дијаспора, со објавување на основањето на специјалниот суд надлежен конкретно за Иранците кои живеат надвор од земјата. Во неговиот мандат нагло пораснал и | 10.10.2011 |

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | бројот на погубувања во Иран, вклучително и тајните погубувања кои не биле објавени од страна на владата, како и погубувања за прекршоци поврзани со дрога. | |
| 60. | ХУСЕИНИ Др Мохамад (познат како ХОСЕЈНИ, Др Сејед Мохамад; Сејед, Сајед и Сајид) (HOSSEINI Dr Mohammad (a.k.a. HOSSEYNI, Dr Seyyed Mohammad; Seyed, Sayyed and Sayyid)) | Место на раѓање: Рафсањан, Керман<br>Датум на раѓање: 1961 година<br>Пол: машки | Советник на поранешниот претседател Махмуд Ахмадинеџад (Mahmoud Ahmadinejad) и портпарол на ЈЕКТА (YEKTA), радикална политичка фракција. Министер за култура и исламско насочување (2009 - 2013 година). Поранешен припадник на ИРГЦ, тој бил соучесник во репресијата на новинарите. | 10.10.2011 |
| 61. | МОСЛЕХИ Хејдар (познат како МОСЛЕХИ Хеидар; Мослехи Хаидар ) (MOSLEHI Heydar (Aka: MOSLEHI Heidar; MOSLEHI Haidar)) | Место на раѓање: Исфахан (Иран)<br>Датум на раѓање: 1956 година<br>Пол: машки | Претставник на Идеолошко-политичкото биро на главниот командант на вооружените сили на Иран (од 2018 година). Поранешен советник за Врховно правосудство во ИРГЦ. Раководител на организацијата за публикации за улогата на свештенството во војна. Поранешен министер за разузнавање (2009-2013 година). Под негово водство, Министерството за разузнавање ги продолжи практиките на раширено арбитрарно притворање и прогон на демонстрантите и дисидентите. Министерството за разузнавање раководи со Оддел 209 од затворот Евин, каде многу активисти се задржани поради нивните мирни активности против владата која била на власт. Затворениците од Оддел 209 биле подложени на тепање и ментално и сексуално злоставување од страна на инспекторите од Министерството за разузнавање. | 10.10.2011 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 62. | ЗАРГАМИ Езатолах (ZARGHAMI Ezzatollah) | Место на раѓање: Дезфул (Иран)<br>Датум на раѓање: 22 јули 1959 година<br>Пол: машки | Член на Врховниот совет за киберпростор и Советот за културна револуција. Поранешен одговорен на Радиодифузијата на Исламската Република Иран (ИРИБ) (Islamic Republic of Iran Broadcasting (IRIB)) до ноември 2014 година. За време на неговиот мандат во ИРИБ, тој бил одговорен за сите програмски одлуки. ИРИБ емитувал изнудени признанија на притворените и низа монтирани судски процеси во август 2009 година и декември 2011 година. Тоа претставува јасно прекршување на меѓународните одредби за фер судење и на правото на соодветна судска постапка. | 23.3.2012 |
| 63. | ТАГИПОУР Реза (TAGHIPOUR Reza) | Место на раѓање: Марагех (Иран)<br>Датум на раѓање: 1957 година<br>Пол: машки | Член на Врховниот совет за киберпростор. Член на Градскиот совет на Техеран. Поранешен министер за информации и комуникации (2009-2012 година)<br>Како министер за информации, тој бил еден од највисоките службеници задолжени за цензура и контрола на активностите на интернет и, исто така, на сите видови комуникации (особено мобилните телефони). За време на сослушувањата на политичките притвореници, инспекторите ги користеле личните податоци, поштата и комуникациите на притворените.Во неколку наврати по претседателските избори во 2009 година и за време на уличните демонстрации, мобилните линии и текстуалните пораки биле блокирани, сателитските ТВ канали биле заглавени и интернетот бил локално привремено прекинат или, најмалку, забавен. | 23.3.2012 |
| 64. | КАЗЕМИ Торај (KAZEMI Toraj) | Пол: машки | Раководител на Одделот за киберполиција за поширокиот регион во Техеран, кој бил наведен во списокот од страна на ЕУ. Во тоа својство, тој најавил кампања за регрутирање на владини хакери, со цел да се постигне подобра контрола на информациите на интернет и да ги нападнат „опасните“ страници. | 23.3.2012 |

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 65. | ЛАРИЏАНИ Садек (LARIJANI Sadeq) | Место на раѓање: Наџаф (Ирак)<br>Датум на раѓање: 1960 година или август 1961 година<br>Пол: машки | Именуван раководиел на Советот за целесообразност на 29 декември 2018 година. Раководител на правосудството од 2009 година. Раководителот на судството морал да даде согласност и да одобри казни за кисас (qisas) (одмазда), ходуд (hodoud) (злосторство против Бога) и тазират (ta'zirat) (злосторство против државата). Тоа вклучува казни кои вклучуваат смртна казна, камшикување и ампутации. Во тој поглед, тој лично потпишал многубројни казни со смртна казна, прекршувајќи ги меѓународните стандарди, вклучително и каменување, погубувања со бесење, погубување на малолетни лица и јавни погубувања, како што се случаи во кои затворениците биле обесени од мостови пред илјадници луѓе. Затоа, тој придонел за голем број погубувања. Тој, исто така, дозволил телесни казни, како што се ампутации и капење киселина во очите на осудените. Откако Садек Лариџани ја презел функцијата, бројот на произволни апсења на политички затвореници, бранители на човековите права и малцинства значително се зголемил. Садек Лариџани, исто така, ја сноси одговорноста за системски неуспеси во иранскиот судски процес да се почитува правото на фер судење. | 23.3.2012 |
| 66. | МИРХЕЏАЗИ Али (MIRHEJAZI Ali) | Пол: машки | Припадник на поблиските луѓе на Врховниот лидер, еден од оние кои се одговорни за планирање на сузбивањето на протестите што се спроведувало од 2009 година, и поврзан е со оние кои биле одговорни за сузбивање на протестите. | 23.3.2012 |
| 67. | САЕЕДИ Али (SAEEDI Ali) | Пол: машки | Претставник на Водичот за Пасдаран од 1995 година откако ја поминал целата своја кариера во рамките на војската, а особено во разузнавачката служба Пасадаран. Оваа службена функција го прави клучна фигура во преносот на наредби што произлегуваат од Канцеларијата на Водичот за репресивниот апарат на Пасдаран. | 23.3.2012 |

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 68. | РАМИН Мохамад-Али (RAMIN Mohammad-Ali) | Место на раѓање: Дезфул (Иран)<br>Датум на раѓање: 1954 година<br>Пол: машки | Генерален секретар на Светската фондација за холокаустот, основана на Меѓународната конференција за преглед на глобалната перцепција на холокаустот во 2006 година, за чија организација Рамин бил одговорен во име на иранската влада. Како заменик-министер надлежен за печат до декември 2013 година, тој бил главна фигура одговорна за цензура со тоа што бил директно одговорен за затворање на многу реформски весници (Etemad, Etemad-e Melli, Shargh, итн.), затворање на Самостојниот синдикат за печат и заплашување или апсење на новинари. | 23.3.2012 |
| 69. | МОРТАЗАВИ Сејед Солат (MORTAZAVI Seyyed Solat) | Место на раѓање: Фарсан, Тчар Махал□о□Бак-тиари (Југ) - (Иран)<br>Датум на раѓање: 1967 година<br>Пол: машки | До ноември 2019 година директор на подружницата на Фондацијата Астан Кодс Разави (Astan Qods Razavi) во Техеран. Поранешен градоначалник на вториот град по големина во Иран, Машад, каде редовно се случувале јавни погубувања. Поранешен заменик-министер за внатрешни работи задолжен за политички прашања, именуван во 2009 година. Во тоа својство, тој бил одговорен за репресија на лицата кои гласно ги бранеле нивните законски права, вклучително и слободата на изразување. Подоцна е назначен за одговорен на иранскиот Изборен комитет за парламентарните избори во 2012 година и за претседателските избори во 2013 година. | 23.3.2012 |
| 73. | ФАХРАДИ Али (FAHRADI Ali) | Пол: машки | Заменик-одговорен на Инспекторатот за правни работи и јавна инспекција при Министерството за правда на Техеран. Поранешен обвинител на Караџ. Одговорен за сериозни прекршувања на човековите права, вклучително и судења на кои била изречена смртна казна. Во текот на неговата функција како обвинител, имало голем број погубувања во регионот на Караџ. | 23.3.2012 |
| 74. | РЕЗВАНМА-НЕШ Али (REZVANMA- NESH | Пол: машки | Заменик-обвинител во провинцијата Караџ, регион Алборз. Одговорен за сериозно прекршување на човековите права, | 23.3.2012 |

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Ali) | | вклучително и вмешаност во погубување малолетник. | |
| 75. | РАМЕЗАНИ Голамхусеин (RAMEZANI Gholamhossein) | Пол: машки | Од 2011 година, началник на Разузнавачката служба на Министерството за одбрана; од ноември 2009 година до март 2011 година: командант на Разузнавачката служба на Пасдаран; од март 2008 година до ноември 2009 година: заменик-командант на Разузнавачката служба на Пасдаран; од април 2006 година до март 2008 година: началник на Службата за заштита и разузнавање на Пасдаран. Вклучен во сузбивањето на слободата на изразување, меѓу другото поврзан е и со оние кои биле одговорни за апсења на блогери/новинари во 2004 година и пријавен дека имал улога и во сузбивање на постизборните протести во 2009 година. | 23.3.2012 |
| 76. | САДЕГИ Мохамед (SADEGHI Mohamed) | Пол: машки | Полковник и заменикна техничката и киберразузнавачка служба на ИРГЦ и надлежен за центарот за анализа и борба против организираниот криминал во Пасдаран. Одговорен за апсења и тортура на блогери/новинари. | 23.3.2012 |
| 77. | ЏАФАРИ Реза (JAFARI Reza) | Датум на раѓање: 1967 година<br>Пол: машки | Советник во Дисциплинскиот суд за судии од 2012 година. Член на „Комитет за утврдување на криминална веб-содржина“, тело одговорно за веб-страници и цензура на социјалните медиуми. Поранешен одговорен за специјалното гонење за киберкриминал помеѓу 2007 и 2012 година. Тој бил одговорен за репресија на слободата на изразување, вклучително и преку апсење, притвор и гонење на блогери и новинари. Лицата уапсени под сомнение за киберкриминал биле малтретирани и биле подложени на неправеден судски процес. | 23.3.2012 |
| 78. | РЕШТЕ-АХМАДИ Бахрам (RESHTE-AHMADI | Пол: машки | Судија на редовен суд во северен Техеран. Поранешен надзорник на Канцеларијата на јавното обвинителство во Техеран. Заменик-началник на Канцеларијата за затворски прашања на провинцијата Техеран. Поранешен заменик-обвинител во Техеран до | 23.3.2012 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Bahram) | | 2013 година. Тој раководел со центарот за судско гонење во Евин. Тој бил одговорен за ускратување на правата, вклучително и посети и други права на затворениците, на бранителите на човековите права и политичките затвореници. | |
| 79. | РАШИДИ АГДАМ Али Ашраф (RASHIDI AGHDAM Ali Ashraf) | Пол: машки | Поранешен одговорен на затворот Евин, именуван кон средината на 2012 година. За време на неговиот мандат, условите во затворот се влошиле и извештаите укажувале на засилено лошо постапување со затворениците. Во октомври 2012 година, девет жени затворенички започнале штрајк со глад во знак на протест поради прекршување на нивните права и насилно постапување од страна на затворските чувари. | 12.3.2013 |
| 80. | КИАСАТИ Мортеза (KIASATI Morteza) | Пол: машки | Судија во Револуционерниот суд во Ахваз, подружница 4, изрекол смртна казна за четворица арапски политички затвореници, Таха Хеидариан (Taha Heidarian), Абас Хеидариан (Abbas Heidarian), Абд ал-Рахман Хеидариан (Abd al- Rahman Heidarian) (тројца браќа) и Али Шарифи (Ali Sharifi) . Тие биле уапсени, малтретирани и обесени, без соодветна постапка. Овие случаи и недостатокот на соодветна судска постапка биле наведени во извештајот од 13 септември 2012 година од страна на Специјалниот известувач на ООН за човекови права во Иран, извештајот на Генералниот секретар на ООН за Иран од 22 август 2012 година. | 12.3.2013 |
| 81. | МОУСАВИ Сејед Мохамад Багер (MOUSSAVI Seyed Mohammad Bagher) | Пол: машки | Судија во Револуционерниот суд во Ахваз, подружница 2, изрекол смртна казна на петмина Арапи од Ахваз, Мохамад Али Амоури (Mohammad Ali Amouri), Хашем Шабани Амоури (Hashem Sha'bani Amouri), Хади Рашеди (Hadi Rashedi), Сајед Џабер Албошока (Sayed Jaber Alboshoka), Сајед Моктар Албошока (Sayed Mokhtar Alboshoka), на 17 март 2012 година за „активности против националната безбедност“ и „непријателство против Бога“. Пресудите биле потврдени од Врховниот суд во Иран на 9 јануари | 12.3.2013 |

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 2013 година. Петмината биле уапсени без обвиненија повеќе од една година, измачувани и осудени без соодветна постапка. | |
| 82. | САРАФРАЗ, Мохамад (Др.) (познат како Хаџ-ага Сарафраз) (Mohammad (Dr.) (aka: Haj-agha Sarafraz)) | Место на раѓање: Техеран<br>Датум на раѓање: околу 1963 година<br>Место на живеење: Техеран<br>Пол: машки | Поранешен член на Врховниот совет за киберпростор. Поранешен претседател на Радиодифузијата на Исламската Република Иран (ИРИБ) (Islamic Republic of Iran Broadcasting (IRIB)) (2014-2016 година). Поранешен раководител на IRIB World Service и Press TV, одговорен за сите програмски одлуки. Тесно поврзан со државниот безбедносен апарат. Под негово раководство, Press TV, заедно со ИРИБ, работела со иранските безбедносни служби и обвинители за емитување на изнудени признанија на притвореници, вклучително и признанија на новинарот и филмскиот продуцент од иранско-канадско потекло Мазиар Бахари (Maziar Bahari), во неделната програма „Иран денес“ (Iran Today). Независниот радиодифузен регулатор OFCOM ја казнува Press TV со 100.000 британски фунти за емитување на признанието на Бахари во 2011 година, кое било снимено во затвор додека Бахари бил под присила. Затоа, Сарафраз бил поврзан со прекршување на правото на законско постапување и правично судење. | 12.3.2013 |
| 83. | ЏАФАРИ Асадолах (JAFARI Asadollah) | Пол: машки | Како обвинител на провинцијата Мазандаран, Џафари препорачал изрекување смртна казна во случаи што ги води, што резултирало со многу погубувања, вклучително и јавни погубувања и во околности кога изрекувањето на смртна казна е спротивно на меѓународните човекови права, меѓу другото бидејќи претставува несразмерна и прекумерна казна. Џафари, исто така, е одговорен за незаконски апсења и прекршувања на правата на притворените во Бахаи од првично апсење до нивно чување во самица во Центарот за притвор во Одделот за разузнавање. | 12.3.2013 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 84. | ЕМАДИ, Хамид Реза (познат како Хами-дреза Емади) (EMADI, Hamid Reza (aka: Hami-dreza Emadi)) | Место на раѓање: Хамедан<br>Датум на раѓање: околу 1973 година<br>Место на живеење: Техеран<br>Работно место: Седиштето на Press TV, Техеран<br>Пол: машки | Директор на редакција на Press TV. Поранешен главен продуцент на Press TV.<br>Одговорен за производство и емитување на изнудени признанија на притворените лица, вклучително и новинари, политички активисти, лица кои припаѓаат на курдските и арапските малцинства, прекршување на меѓународно признатите права на фер судење и соодветна судска постапка. Независниот радиодифузен регулатор OFCOM ја казнува Press TV со 100.000 британски фунти за емитување на изнуденото признание на новинарот и филмскиот продуцент од иранско-канадско потекло Мазиар Бахари (Maziar Bahari) во 2011 година, кое било снимено во затвор додека Бахари бил под присила. Невладините организации објавија дополнителни случаи на присилни телевизиски признанија од страна на Press TV. Затоа Емади е поврзан со прекршување на правото на соодветна судска постапка и фер судење. | 12.3.2013 |
| 85. | ХАМБЛАР Рахим (HAMLBAR Rahim) | Пол: машки | Судија во подружница 1 на Револуционерен суд во Табриз. Одговорен за тешки казни против азербејџанското етничко малцинство и активистите за работнички права, обвинувајќи ги за шпионирање, дејствија против националната безбедност, пропаганда против иранскиот режим и навреда на лидерот на Иран. Во еден од највпечатливите случаи, тој им изрекол затворски казни на 20 волонтери за помош при земјотрес (по земјотрес во Иран во август 2012 година) за нивните обиди да им помогнат на жртвите од земјотрес. Судот ги прогласил работниците за виновни за „заговор и тајно договарање за извршување кривични дела против националната безбедност“. | 12.3.2013 |

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 86. | МУСАВИ-ТАБАР Сејед Реза (MUSAVI-TABAR Seyyed Reza) | Пол: машки | Поранешен одговорен на Револуционерното обвинителство на Шираз. Одговорен за незаконско апсење и лошо постапување со политички активисти, новинари, бранители на човековите права, бахаисти и затвореници поради убедувањата, кои биле малтретирани, измачувани, сослушувани и немале право на адвокатит и соодветна судска постапка. Мусави-Табар потпишал судски налози во озлогласениот Центар за притвор број 100 (машки затвор), вклучително и налог за задржување во самица за период од три години на затвореничката на Бахаи, Раха Сабет (Raha Sabet). | 12.3.2013 |
| 87. | КОРАМАБАДИ Абдолсамад (KHORAMABADI Abdolsamad) | Раководител на „Комисија за утврдување на случаи со криминална содржина“.<br>Пол: машки | Заменик-директор за судски надзор (од 13 октомври 2018 година). Поранешен раководител на „Комисијата за утврдување на случаи со криминална содржина“, владина организација надлежна за мрежна цензура и киберкриминал. Под негово водство, Комисијата го дефинирала „киберкриминалот“ преку голем број нејасни категории кои го криминализираат креирањето и објавувањето на содржини кои се сметаат за несоодветни од страна на режимот. Тој е одговорен за репресија и блокирање на бројни опозициски страници, електронски весници, блогови, страници на невладини организации за човекови права и на Гугл и Гмаил од септември 2012 година. Тој и Комисијата активно придонеле за смртта во притвор на блогерот Сатар Бехешти (Sattar Beheshti) во ноември 2012 година. Со тоа, Комисијата што ја предводел е директно одговорна за системско прекршување на човековите права, особено со забрана и филтрирање на веб-страниците на пошироката јавност, и повремено оневозможувајќи го целосно пристапот до интернет. | 12.3.2013’ |

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница НАПРЕДОК ДООЕЛ Тетово.

ISSN 0354-1622

2020190